Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница, со која претседаваше ВД Претседателот д-р Џемали Саити одржана на 29.04.2025 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), член 63 став 1 и 2, член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по иницијативата за утврдување начелно правно мислење, поднесена од Дарко Котески, адвокат од Тетово, го усвои следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Иницијативата за утврдување начелно правно мислење, поднесена од Дарко Котески, адвокат од Тетово, заведена под Су-03 бр. 527/24 од 16.08.2024 година, **НЕ СЕ УСВОЈУВА.**

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 21.11.2024 година и на ден 29.04.2025 година расправаше по иницијативата за утврдување начелно правно мислење, поднесена од Дарко Котески, адвокат од Тетово.

Во поднесената иницијатива е поставено прашање: “Дали по поднесен предлог од странка во кривичната постапка за издвојување на докази од списите на предметот, согласно член 93 став 1 од Законот за кривичната постапка, судот задолжително треба да донесе формално (писмено) решение по изјавениот предлог, против кое решение незадоволната странка има право на жалба до повисокиот суд, или пак судот одлучувајќи по предлогот може да донесе само процесно решение на записник за главна расправа, со кое предлогот ќе се усвои, или одбие, а при тоа нема да даде право на жалба на незадоволната странка до повисокиот суд?

Во прилог на иницијативата се доставени: пресуда на Основен суд Тетово К.бр.247/19 од 05.12.2019 година, решение на Основен суд Тетово К.бр.841/21 од 09.06.2021 година и пресуда на Основен суд Тетово К.бр.330/22 од 21.12.2022 година

Согласно член 93 став 1 од Законот за кривичната постапка, кога во овој закон е определено дека врз некој доказ не може да се заснова судската одлука,

судијата на претходната постапка, по службена должност или по предлог на странките, ќе донесе решение за издвојување на тој доказ од списите, најдоцна до завршувањето на истражната постапка. По подигањето на обвинителниот акт, решение за издвојување на доказ донесува советот за оцена на обвинителниот акт. Против ова решение е дозволена посебна жалба по која одлучува повисокиот суд.

Според став 2 од истиот член на законот, по правосилноста на решението издвоените докази се чуваат кај судијата на претходната постапка, одвоено од другите списи и не можат да се разгледуваат ниту можат да се користат во постапката. Издвоените записници се затвораат во посебна обвивка и се чуваат кај судијата на претходната постапка.

Одредбата од 93 став 1 од Законот за кривичната постапка се однесува за издвојување на докази во истражна постапка и во фаза на подигнат обвинителен акт, кој е пред Советот за оценка на обвинителен акт. Оваа одредба ја пропишува надлежноста и постапката по жалба кога е донесено решение за издвојување на докази во таа фаза од кривичната постапка.

Согласно член 37 став 1 од Законот за судовите, Врховниот суд на Република Северна Македонија утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по иницијатива во услови на постоење на различни судски одлуки по иста правна ситуација, односно кога има отстапување од законот, што во случајот не постои.

Оттука, имајќи ги предвид приложените материјали доставени во прилог на иницијативата, согласно одредбите од Законот за кривичната постапка, не произлегува потреба од донесување начелно правно мислење, бидејќи поставеното прашање не е во контекст на одредбата од член 37 став 1 алинеја 1 од Закон за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), при што неспорно се заклучува дека во конкретниот случај не постојат различни судски одлуки на судовите за постоење на основаност на поставеното прашање на подносителот на иницијативата.

Врз основа на погоре наведното, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија постапувајќи по иницијативата, а по одржаните расправи, донесе Заклучок со кој иницијативата за утврдување начелно правно мислење, поднесена од Дарко Котески, адвокат од Тетово, заведена под Су-03 бр. 527/24 од 16.08.2024 година, не се усвојува.

**Општа седница**
**на Врховен суд на**
**Република Северна Македонија**